## 5. Мерки и активности за поттикнување на компостирањето на биоразградливиот отпад

Земајќи во предвид што речиси секое домаќинство во општина Босилово се занимава со земјоделска дејност и поседува поголеми или помали поседи обработливо земјиште на кои одгледува различни култури, особено се препорачува примена на биоразградливи техники во домашни услови. Во таа насока, општината треба да превземе активности за организацијата на информативни средби со локалното население, заради промовирање на техниките и придобивките од преработката на органскиот отпад. Прво основно правило е локалното население да стекне навика за селектирање на корисната биоразградлива компонента што претставува потенцијална суровина.

### 5.1 Јавна кампања

За прифаќање на концептот за искористување на биоразградливиот отпад, се предвидува спроведување јавна кампања за подигање на јавната свест која што ќе содржи: организирање на јавни презентации, подготовка на популарен материјал (лифлети,постери), информирање преку јавните медиуми, едукации на младата популација.

## 6.Начините за едукација и за подигање на јавната свест на граѓаните во врска со управувањето на отпадот

- Изработка на програма за подигање на јавна свест, која ќе содржи елементи на информирање на населението и едукација на неколку старосни категории од населението за соодветно управување со отпадот.
- Информирање и едукација на учениците за правилно постапување и селектирање на отпадот од отпадни батерии,
- Информирање и запознавање на индивидуалните домаќинства со селекцијата на електричниот и електронскиот отпад и негово депонирање во централниот контејнер за електронски и електричен отпад во кругот на општинската зграда.